# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# ЛЕГИСЛАТИВА

- Устав на РМ (Член 18)

  -Се гарантира сигурност и тајност на личните податоци;

  -На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоци;

- Закон за заштита на личните податоци (Службен Весник на РМ број 7/05) кој е во согласност со:

  -Конвенција за заштита на индивидуата која се однесува на автоматската обработка на личните податоци, Совет на Европа Бр. 108/81;

  -Директива 95/46/ЕК на Европскиот Парламент и Советот на Европа од 24 октомври 1994 за заштита на личните податоци и слободното движење на податоците;

  -Одлука на Комисијата 2001/479/ЕК и 2004/915/ЕК во која се наведуваат стандарди во кои се вклучени договорни клаузули за пренос на лични податоци на трети земји.

# Закон за заштита на личните податоци

- Ја уредува заштитата на личните податоци како едно од основните слободи и права на граѓаните, а особено правото на приватност во врска со обработката на личните податоци
- Се заснова на следните начела:

-Законитост и праведност при обработка на личните податоците

-Спецификација на целта заради која е формирана збирката на личните податоци

-Слободен пристап до збирката на лични податоци од страна на субјектот на лични податоци

-Посебна заштита на посебните категории на лични податоци

-Пренос на личните податоци во други држави

-Создавање на одговорни контролори и обработувачи на збирки на лични податоци

# Законот ги уредува

- Обработката на личните податоци
- Обработката на посебните категории на лични податоци
- Правата на субјектот на личните податоци
- Тајноста и заштитата на обработката на личните податоци
- Евиденциите на збирки на личните податоци и водењето на Централниот регистар
- Преносот на личните податоци во други држави
- Давањето на личните податоци на корисници

# ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Статус:** Самостоен и независен државен орган со својство на правно лице;

**Раководење:** Директор и заменик директор (именувани од Собранието на РМ и Стручен колегиум;

**Финансирање:** Буџет на РМ;

**Основање:** 22 Јуни 2005 со именувањето на директорот на Дирекцијата;

**Вработени:** 30 вработени - планирани со Правилникот за систематизација на работните места

-до крајот на 2006 година 8 до 10 вработени

-до крајот на 2010 година 30 вработени

**Извештаи:** Годишни извештај до Собранието на РМ

# НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА

- **Главните надлежности на Дирекцијата се :**

  - ги објавува принципите за обработка на личните податоци и се грижи за нивно почитување од страна на контролорите;

  - ја цени законитоста на обработката на личните податоци;

  - ги контролира операциите на обработка на личните податоци кои ги применуваат контролорите;

  - води Централен регистар;

  - дава мислење за подзаконските акти на контролорите;

  - постапува по барања и претставки на физички лица за утврдување повреда на права загарантирани со Законот за заштита на личните податоци;

  - постапува по барања на надзорните органи на други држави;

  - води евиденција за пренос на лични податоци  во други држави;

  - реализира меѓународна соработка во полето на заштита на личните податоци.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Донесени се Актите за организација на работата и систематизацијата на работните места;
- Со измените во Законот за државни службеници-вработените во Дирекцијата добија статус на државни службеници;
- Вработени се четири лица (2 функционера и 2 државни службеника) , а две лица работат врз основа на договор за дело;
- Обезбедени се привремени работни простории за Дирекцијата;
- Обезбедена е комјутерска опрема за работа на Дирекцијата преку Европската Агенција за реконструкција - КАРДС 2004;
- Остварени се работни состаноци со поголем број на контролори од јавниот и од приватниот сектор заради воспоставување на меѓусебна соработка и нивно запознавање со надлежностите на Дирекцијата;
- Остварени се работни посети на државните институции за заштита на личните податоци во Република Хрватска и Република Словенија;
- Остварен е првичен контакт со голем број странски независни надзорни органи за заштита на личните податоци од Европа, Австралија и Азија;
- Поднесена е акредитација за членство во Конференцијата на Европските надзорни тела за заштита на личните податоци;
- Дирекцијата е активно вклучена во евроинтегративниот процес на РМ;
- Дирекцијата е активно вклучена во подготовка на Проектот за техничка помош за нејзиното основање преку програмата CARDS 2004;
- Именувани се членови на Комисијата за заштита на личните податоци;
- Донесени се подзаконските акти кои произлегуваат од Законот.

# ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци
- Правилник за начинот на водење на евиденција и образецот на евиденцијата на збирки на лични податоци
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави
- Правилник за операциите на обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектот на личните податоци
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централен регистар

- Физичките и правните лица кои вршат обработка на личните податоци ќе го усогласат своето работење според одредбите на Законот за заштита на личните податоци во рок од 2-две години од донесувањето на подзаконските акти.

# ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

**До крајот на 2006 година**

- Обезбедување на нови вработувања;
- Креирање на ВЕБ страна на Дирекцијата;
- Запознавање на јавноста со заштитата на личните податоци;
- Воспоставувањето на евиденциите на збирки на лични податоци од страна на контролорите;
- Воспоставувањето на Централниот регистар;
- Започнување на водењето на евиденции за пренос на личните податоци во други држави;
- Постапување по барања и претставки на физички лица за утврдување на повреда на правата загарантирани со Законот за заштита на личните податоци;
- Започнување со контрола и надзор од страна на Дирекцијата;
- Реализација на Проектот;
- Други активности кои се во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

# ТЕХНИЧКА ПОМОШ
## за основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштитиа на податоци во Македонија

ЦАРДС 2004

- Техничка поддршка за основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци;
- Времетраење на проектот: 18 месеци (Април 2006 - Септември 2007);
- Организирање обуки за контролорите заради побрза имплементација на Законот за заштита на личните податоци